

# мучев

# tučev

АТАНАС МУЧЕВ 1917 – 1962



СИТНИЦАТА ГО СТВАРА СОВРШЕНСТВОТО



*Панорама на Струмица, 1917*

М-р Владимир Величковски

# АТАНАС МУЧЕВ – ИЛИ ЗА ПОЧЕТОЦИТЕ НА МОДЕРНОТО СЛИКАРСТВО ВО СТРУМИЦА

Да се пишува за Атанас Мучев, значи пред сè да се забележи неговата пионерска улога во развитокот на модерното сликарство во Струмица. Тоа значи, да се истакне неговата определба за уметничка професија, во услови и време кога за тоа речиси и не можело да се зборува. Така било пред војната во малата Струмица, во чии простори идеите стигнувале со задоцнување, во која надвладувала фолклорната традиција. Сепак, посебна важност има фактот, дека Струмица се вбројува меѓу најголемите црковни и културни центри, во средновековна Македонија. Покрај тоа, традицијата на фреско сликарството и пред сè на иконописот, продолжува сè до минатиот век. Во таа смисла значајно е делувањето на зографите како што се Евстатие Ангелу Тесалоникеос, Гаврил Атанасов, Васил Ѓоргиев, Григориј Пецанов, Андон Петрович, Ѓорги Вељанов, Василиј Василаки и Никола Просениклиев. (Антоние Николовски, Сликарство на 19-ти век, Завод за заштита на спомениците на културата, природни реткости и музеј, Струмица 1989 година). Тие од крајот на 19. и почетокот на 20. век, оставија бројна збирка на икони, во кои се утврдени елементи на поствизантиска уметност во овие простори. Токму во овој историски контекст, во триесеттите години, се појавува една лично настојување; да се оствари сликарско образование во една модерна традиција. Тоа се воедно и пионерски времиња за создавањето на современата македонска уметност воопшто.

Атанас Мучев е роден на 10 мај 1917 година во село Иловица, Струмичко, во трговска фамилија. Во текот на првите години од основното образование, покажал посебен афинитет за цртање што придонело неговиот учител Беќир Томовиќ, да го препорача за школување во повисоки класови. Така, тој го завршува училиштето во Штип 1934 година. Веќе во наредната година, Атанас Мучев решава да оди подалеку, привлечен од еден културен центар, каков што тогаш бил градот Белград.

За одбележување е фактот, познат од бележникот на уметникот, дека селаните од неколку струмички села, му помогнале парично да ја оствари својата намера.

По пат на конкурс, се запишува на тамошната Уметничка школа и истата ја завршил во учебната 1937-1938 година.

Од бележникот на уметникот се издвојуваат професорите: Богдан Бакиќ од штипската школа и Љу-

бомир Ивановиќ од Уметничката школа, кои ужи-вале углед на добри професори по цртање, влевајќи им на своите ученици љубов кон старата архитек-тура. Во тоа време акварел предавала Бета Вукано-виќ.

Во Белград, Атанас Мучев живее скромно, се издржува со тешка работа и повремено добива средства од неговиот братучед Ристо Симитчиев – лекар од Струмица, кој презел дел од имотот на Атанас Мучев, со обврска да го издржува во школу-вањето. Како симпатизер на комунистичката партија бил принуден да бега неколку пати во Струмица. Инаку, Уметничката школа во Белград ја посетувале ученици од сите краишта на тогашна Југославија; еден дел по завршувањето заминувал за Париз, во потрага по нови знаења и истражувања, а некои останувале слободни уметници, работејќи во многу тешки услови. Атанас Мучев и припаѓа на онаа група образовани сликари кој по завршувањето добил ра-спород од Министерството за просвета, да работи како наставник по цртање, во училиштето во Штип, каде останува до есента 1940 година. Во наредната година, тој бил во војска во Шабац и кратко време поминал како заробеник. Во мај 1941 година, во про-менети историски услови, од страна на Министер-ството за народна просвета на Бугарија, е назначен за наставник повторно во Штип, каде останал до есента 1944-та година. Во текот на наредната го-дина, Атанас Мучев предава во гимназијата во Стру-мица, (Ѓорги Трајков, Димитар Галев и Иван Котев, Учителски искри, Собрание на општина Струмица, Струмица 1976 год.) а потоа во периодот 1945-1946 година станува директор на непотполната гимназија во Радовиш (М-р Димитар Галев, Народните учи-лишта во НОВ во Југоисточна Македонија во учеб-ната 1944-1945 година, Друштво за наука и уметност Штип, Штип 1985 година). Конечно, кон крајот на годината, тој се вработува како наставник во стру-мичката гимназија. Се активира во есперантското друштво на градот (Д-р Манол Пандевски, Ѓорги Стоев-Трнката, Струмица и струмичко низ истори-јата, Струмица 1969, Општински одбор на Сојузот на здружението на борците од НОБ-Струмица, стр.389), но за посебно одбележување е неговата педагошка дејност во ликовната струка. Оваа био-графија треба да се дополни со податоци дека Ата-нас Мучев во текот на 1958-1959 година, земал ак-тивно учество на три стручни семинари во земјата, потоа приредувал повеќе ученички изложби и обја-вил неколку стручни текстови. Покрај тоа, тој се

Објава

За г. Атанасија Мучевића, хонорарног наставника штипске гимназије, која важи место легитимације.

Моле се власти да именованом не чине сметње, већ у случају и помоћ укажу.



Директор гимназије

23 априла 1940 г
у Штипу

[illegible]

својеручни потпис,

Атанасије Мучевић
сликар-учит. вештина

занимавал со правење декорации и сценографии за разни прослави во Струмица, а фотографијата и фотографскиот апарат му беа главни придружници во неговата секојдневна работа. Ги направил првите обиди за решавање на одделни плакати, амблеми и така натаму. Како наставник „по цртање“ во основните и средните училишта во Штип, Радовиш и Струмица, Атанас Мучев бележи посебни успеси, давајќи им ги првите сликарски знаења и насочувајќи повеќе надарени ученици кон уметничката професија. Тука можат да се споменат сега познатите сликари Стојан Пачоов, Тодор Тренчев, Киро Урдин, Ѓорги Божинов и други. Неговиот ученик Љубомир Донски, со симпатија се сеќава на Атанас Мучев, кој секое слободно време го користел со талентираните ученици да излегува во природа, работејќи на нивното усовршување.

За да може да се објасни овој негов успех во педагошката работа, треба пред се да се земе предвид љубовта на Атанас Мучев спрема својата професија и секако солидната подготовка што ја добил на белградската Уметничка школа. Тој период на сликарско образование, всушност има основно и клучно значење за сликарското формирање и достигањата на Атанас Мучев. Превладувало мислењето, дека школата повеќе подготвува млади луѓе за стручни учители по цртање, отколку што дава основа за самостојна уметничка активност. Сепак, искуствата покажуваат дека школата давала солидни знаења, кои им овозможиле на одделни ликовни таленти да развијат сопствено ликовно творештво. Така, и нашиот сликар, своите први чекори ги направи со методично совладување на основните знаења по цртеж и акварелна техника, откривајќи ги постапно правилата на конструирање на формата на најзино сигурно поставување. Завршувајќи го наставничкиот отсек, Атанас Мучев добро ја запознал акварелната техника, што посебно може да се утврди на серијата портрети изработени во 1938 година. Тие се карактеризираат со цврста фактура на формата, урамнотежена со тонската градација и строгите валерски звуци. Ликот е пластично доловен, уверливо психолошки дефиниран, некаде со подзасилени колористички акценти, ускладени со основната тонска концепција. Ликот е издвоен во преден план, изработен едновремено во солиден цртеж и строга тонска моделација, резултат на непосредна сензација. Во овие дела се соединуваат елементите на традиционалниот реалистичен цртеж по природа, со повеќе нагласеност на една школска конвенција, отколку на одредена индивидуална слобода. Оваа група портрети, според сигурната постапка и точната перцепција, се доближуваат до некои остварувања од тој период, (или барем на некои од нив) од сликарите како што се Љубомир Белогаски, Томо Владимирски, Вангел Коџоман и други. Овие уметници ја имаат завршено истата Уметничка школа во Белград, а на тој список можат да се додадат уште и имињата на Лазар Личеноски, Борко Лазески и Димо Тодоровски. Имињата на Андон Дуков и Атанас Мучев не се наоѓаат на списокот објавен во каталогот на изложбата за оваа школа. Списокот не е конечен од едноставна причина, што голем дел од документацијата на оваа школа е уништена во војната 1941 година. (Станислав Живковиќ, Уметничка Школа у Београду 1919 – 1939, Галерија САНУ, Београд, 1987). Покрај овие акварели од 1938 година, како што се „Портрет на жена“, „Портрет на селанец од с. Иловица“, „Портрет на маж со шал“ или „Автопортретот“, Атанас Мучев изработи и „мртви природи“, кои ја потврдуваат неговата техничка вештина. Вакви мотиви тој ќе прави и подоцна, во раните четириесети или во педесетите години, користејќи ја притоа акварелната техника, цртежот главно со молив и едноставни линии, но и маслената техника. Притоа, реалистичката основа која потекнува непосредно од школските поуки, остана негов траен и неизменлив идеал. За време на неговото школување во Белград, во кој се дискутирало многу за модерната уметност (Пикасо, Брак, Роден, Бурдел, Сезан итн), Атанас Мучев се приклонил кон „традиционалистите“, прифатил една изолирана позиција. Тој, на пример останал само допрен од тогаш актуелното Сезаново влијание (пример за тоа е еден сочуван акварел од поранешниот период. Нашиот сликар не го прифати предизвикот на светлиот колорит-чистата боја, тој ги заобиколи провокативните програми на кубистичките, фовистичките, интимистичките и експресионистичките настојувања, забележани како лево радикално крило во актуелната уметничка практика.

Атанас Мучев направи и неколку сликарски вежби во маслена техника, кои се наоѓаат во рамките на одредената школска подготовка, а подоцна, посебно во педесетите години, наслика во еден строг стил (некои и според фотографија) разни портрети на блиски, историски личности и мртви природи, стара архитектура.

Во овие дела, сликарската материја, главно остана во рамките на еден редуциран ликовен јазик. Ваквата постапка е посебно нагласена во неколкуте

копии, направени според делата на стари мајстори и од Љубомир Ивановиќ.

Тешките животни услови не му дозволија на Атанас Мучев да работи повеќе на своето уметничко оформување и да бара поиндивидуален ликовен израз. Наместо тоа, тој остана во анонимност, препуштајќи и се главно на наставничката професија и како аниматор на ликовниот живот во Струмица. Тој остана оддалечен од културните центри и поголемите настани, изнудувајќи го повторно прашањето на местото, улогата и положбата на уметниците на крајниот словенски југ, и за услови и ситуации кои уништиле многу таленти. Од друга страна, нема да остане незабележана, по повод изложбата на Богдан Бакиќ, Атанас Мучев и Љупчо Донски во Скопје, неговата повеќегодишна сликарска апстиненција, но исто така и неговиот „сликарски нерв“ што можел да го развие со поголема ангажираност и така натаму (Д.К., Три генерации, Нова Македонија, Скопје, 3.02.1958).

Атанас Мучев ја избра уметничката професија во време кога кај нас овој вид наобразба немаше право на граѓанство, во време на раѓање на македонската модерна, во многу сложени услови на значителни празни периоди и на дисконтинуитет. Од денешен аспект, ова може да ни изгледа како недоволен аргумент, имајќи ги предвид мошне скромните сликарски достигања на Атанас Мучев. Меѓутоа, треба да се знае дека поседуваме недолга модерна уметничка традиција, дека во овој наш неголем простор, не се доаѓа лесно до вакви податоци. Тие имаат значење за расветлување на одделни аспекти на раниот период од создавањето на македонското сликарство и затоа полесно можеме да ја констатираме историската важност, што го има направениот избор на Атанас Мучев и одделните сликарски дела, кои имаат забележливи ликовни вредности за своето време.

Атанас Мучев умрел на 4 јули 1962 година, со што завршува еден живот исполнет со ликовна педагошка дејност и сликарско создавање, кое останува прекинато речиси во своите почетоци.

Сите овие податоци зборуваат во прилог на овој обид, да се претстави монографски животот и делото на Атанас Мучев, потсетувајќи не уште еднаш на исклучителната солидарност на селаните, да помогнат да се образува уметнички, еден човек од нивната средина. Не е тешко да се заклучи, што тоа значело во тогашните услови и степен на развиток во овие наши краишта.


Иловица:

| | динара |
|---|---|
| Шукри Омеровић | 240 |
| Ристо Анђеловић | 40 |
| Пенчо Анђеловић | 70 |
| Тетя Дона | 90 |
| Мито Брешки | 80 |
| Идриз Чауш | 638 |
| Керим | 80 |
| Рамадан | 233 |
| Пазијатъ | 436 ? |
| Абдекуши | 48 |
| Трендафила | 17 |
| Мито Гугуланов | 74 |
| Зејтинџе | 22 |
| Риста [illegible] | 13 |

Од Н. Г. Богдана Бакића

21 октобра 1934 г. примио 100-
6 јануара 1935 г. " 100-
За школарину II семестар 200
Пут – [illegible] – Струмица 50

*1940 Штип Атанас Мучев (6 од лево) со група ученици и изложбата организирана по повод Видовден.*



SUMMARY

Atanas Mučev was born in Ilovica near Strumica on 24 May 1917 and died in Strumica on 4 Iuly 1962. He acqured his elementary education in Ilovica and Štip. He finished the renowned Art School in Belgrade in the school year 1937-8. Major influences on his art were the ones of his professors Bogdan Bakic from Štip and later of Ljubomir Ivanovic, the well-known serbian graphic artist. After finishing the shcool, he taught in Štip, Radoviš and Strumica, thus giving the first painting lessons to the today famous painters Stojan Pačov, Kiro Urdin etc. His joint exhibition with Bogdan Bakić and Ljubomir Donski was organized in Skopje in 1958. In 1972, a retroperspective exhibition of his works was posthumously organized in Strumica.

Atanas Mučev has played the historic part of the first educated painter and pioneer of the modern painting in Strumica. This is in important data for the period of the very early steps of formation of the modern painting in Macedonia. About forty works painted by him have been preseved, including mainly water colours, a few canvases and a number of drawings. Their value lies in substrantial school training and in the clear and precise characterization of the subject. Some of the portraits in water colour technique could de their value cope with some works from the 1930s created by the distinguished founders of the Macedonian modern art, such an Vangel Kodzoman, Tomo Vladimirski, Ljubomir Belogaski etc.

The Society of Painters of Strumica have taken the initiative to commemorate the life and work of Atanas Mučev and to estabilish a prize for the best fine art work on the annual exhibition of this Society which bears his name.



Translated into English by Nada Andonovska



Живко Велковски

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

1917 - На 10 мај е роден Атанас Мучев во село Иловица – Струмичко, од татко Гоце Ристо Мучев и мајка Ружа. Потекнува од трговско семејство, кое живеело во селото Морарци, Кукушко – Егејскиот дел на Македонија. Селото било запалено во јули 1913 година, а имотот присвоен од Грците. Фамилијата се иселува во Дупница (денешен Станке Димитров.) По краткиот престој тие се преселуваат во Иловица – Струмичко.

Рано останува без родители, на една година ја губи мајката, а на шест годишна возраст и таткото. За него се грижат четирите сестри: Звезда, Ленка, Стојна и Слава. Имал и брат Динчо, кој рано умрел.

Дел од имотот прифатил Ристо Симитчиев – лекар од Струмица, прв братучед по мајка, со обврска да го финансира неговото школување.

1928-1929 - Во родното село Иловица, го завршува основното образование. Неговиот учител Бећир Томовиќ го засакал заради неговиот талент за цртање и подоцна му овозможува да го продолжи школувањето во Штип. За завршено четврто одделение оценет е со многу добар успех.

1930-1931 - Во Штип се запишува во „Државната реална гимназија", што ја завршил во 1933-1934 година со одличен успех. Се запознава со фамилијата на Љупчо Донски. Во штипската гимназија цртање предавал Богдан Бакиќ-академски сликар од Ваљево, кој ќе одигра пресудна улога за сликарската и педагошката определба на Атанас Мучев.

1934-1935 - Се запишува на Кралската уметничка школа во Белград, што ја завршува 1937-1938 година. На истата Уметничка школа, го запишува и академскиот курс според сочуван препис од изјава од 17.12.1957 година на академските сликари Ѓурѓе Тодоровиќ и Немања Бркиќ. Треба да се знае дека Уметничката школа во Белград, престанала да работи во 1939 година.

Условите во кои се школувал биле многу тешки и често го доведувале во состојба на очај. Во тие години, води многу прецизни белешки, во својот нотес. Меѓу другото, запишан е износот на пари што му ги позајмиле неговите роднини и соселани да го продолжи школувањето. Меѓу нив се наоѓа името и на наставникот Бакиќ. Се занимавал со разни тешки работи, меѓу другото растоварa јаглен на железничката станица итн.. Станува симпатизер, а подоцна и член на Комунистичката партија. Доаѓал неколку пати во Струмица за да ги избегне прогоните на полицијата.

1939 - Есента е назначен за хонорарен наставник во штипската Државна реална гимназија, со решение на Просветното одделение при Кралската банска управа на Вардарска бановина, каде останува до 30.10.1940 година, кога оди во војска.

Воениот рок го служи во Шабац до 6.04.1941 година каде го затекнува почетокот на Втората светска војна. Бил кратко време заробеник од 06.04. до 01.05.1941 година.

1941 - Се враќа во Струмица. Со општа наредба на Министерството за народна просвета на Бу-

гарија, е назначен за наставник во штипската гимназија. Таму останува на работа од 01.05.1941 до 09.09.1944 година. Станува и активен член на КПЈ.

1944 - Назначен е за наставник во струмичката гимназија, каде работи од 10.09.1944 до 20.09.1945 година. Кон крајот на септември тој склучува брак со Мара Димитрова Бујуклиева – регистриран како прв граѓански брак склучен во Струмица.

1945 - Во 1945 година назначен е за директор за неполната гимназија во Радовиш „Коста Сусинов". На таа функција останува од 27.09.1945 до 09.12.1946 година. (наредба од Министерството за народна просвета на Демократска Федеративна Македонија)

1946 - Се враќа во Струмица и од 14.12.1946 година станува наставник во гимназијата „Јане Сандански". Му се раѓа првиот син Ѓорѓи.

1948 - Разочаран од односите во КП, тој ги напушта нејзините редови. Посебно се ангажира во работата на Есперантското друштво во Струмица. Му се раѓа вториот син Митко.

1951 - Му се раѓа третиот син Томе.

1956 - Од 1.09. се вработува во Основното училиште „Маршал Тито" во Струмица. Во исто време, тој е ангажиран како хонорарен наставник во гимназијата „Јане Сандански", со осум часови неделно.
Треба да се спомне дека во 1951 год. бил ослободен од полагање стручен испит, бидејќи имал повеќе од десет години работен стаж во просветно-научната струка.

1958 - Посетува три стручни семинари во Скопје, два одржани од 16-25.04.1958 година и од 19.-24.01.1959 година, третиот од 15-25.06.1959 година. На овој учествувал со предавање на тема: 1. „Методски коментар на новата наставна програма по ликовно воспитување" и 2. „Пластично обликување по ликовно воспитување" и практичен приказ на две методски единици. Излага во Скопје заедно со Бакиќ и Донски.

1959-196 - Работи во основното училиште „Сандо Масев" во Струмица, каде останува се до смртта до 4.07.1962 година.
Големо внимание посветувал на педагошката работа, развивал слободни активности и организирал изложби на ученички творби. Тој им ги дал првите поуки „по ликовно" на повеќе денес познати сликари како што се: Стојан Пачов, Киро Урдин, Георги Божинов, Тодор Тренчев и други.
Работел на неколку стручни текстови. Повремено одржувал контакти со Љубомир Белогаски, Борко Лазески и Љубодраг Маринковиќ–Пенкин. Изработил неколку копии, според дела на Помпео Џироламо Батони и други стари мајстори. Ги направил првите обиди во применетата уметност во Струмица. Работел на часовничарскиот занает, добро свирел прим и мандолина и течно го зборувал турскиот јазик.

1972 - Ликовната колонија во Струмица организира негова ретроспективна изложба, по повод десетгодишнината од смртта. Најголем број дела се наоѓаат кај неговиот син Ѓорѓи Мучев во Струмица, кој ги поседува сите документи и материјали за изработување на оваа биографија.



# ИЗЈАВА

Ми доле потписани грађани под кривичном и материјалном одговорношћу, тврдимо

да је МУЧЕВ ГОЦЕВ АТАНАС из Струмице

Н.Р.М. са станом у ул. "Пролетерска" бр. 12

дипломирао на уметничкој школи у Београду школске 1937 / 38 год. а такође да је завршио и Академски течај отсек при истој школи школске 1938 / 39 године.

Наведене чињенице лично су нам познате.

Ову изјаву дајемо МУЧЕВУ ГОЦА АТАНАСУ из Струмице

са станом у улици "Пролетерска" бр. 12 на његов лични захтев и употребу

у сврху документације о школовању.

у Београду дана 17. XII 1957 год.

1) Ђурђе Тодоровић

занимање академски сликар - проф. академије

са станом Земун - Његошева бр. 3

број личне карте 95681

2) Немања Бркић

занимање проф. ликовне академије

са станом Београд ул. 7 јули бр. 5

број личне карте 38479

Потврђује се, не упуштајући се у проверавање тачности горњих навода, да су именовани грађани предњу изјаву својеручно потписали и у свему за своју признали и на потврду је поднели.

Такса од дин. 130+50 по Т.бр. — Закона о таксама наплаћена је.

Без наплате таксе у вези чл. — Закона о таксама.

Број 10545 у Београду дана 17.XII. 1957 год.

С. Ф. — С. Н.!

М.П. А.Корјина с.р.

*Овлашћени службеник,*



Издање: „Савремене администрације" — Београд, Призренска 6

# Три генерации

## ИЗЛОЖБАТА НА СЛИКИ ОД БОГДАН БАКИЌ, АТАНАС МУЧЕВ И ЉУПЧО ДОНСКИ



БОГДАН БАКИЌ: „ПРИРОДА“

Во просториите на Народниот универзитет во Скопје беше отворена изложба на слики од некогашниот професор по цртање во штипската гимназија, Богдан Бакиќ, неговиот некогашен ученик, Атанас Мучев, кој под влијание на својот професор се определил за сликарскиот позив завршувајќи ја Уметничката школа во Белград и ученикот на последниов, Љупчо Донски, инаку студент по медицина. Двократно поврзани со лични афинитети и со исти сфаќања, макар и не на иста висина во остварувањата, нивната желба за заеднички настап е сосем оправдана.

Помеѓу нив Бакиќ видно отскока со рутинираност и вешто владеење со материјалот. Сепак, било во која од изнесените техники (масло, акварел и пастел) да го реализира својот однос спрема објектот, тој, пред сé, останува како дисциплиниран и сигурен цртач со осетни влијанија на ставовите на Љуба Ивановиќ, кое, заедно со извесни призвуци на бугарскиот акварелист Штрклов, му одзема, од една страна, од свежината на импровизацијата, а од друга — од позадлабоченото проникнување во сушноста на објектот. Во експонатите од поскорешни датуми во овој негов, ретроспективне дел, се осеќа поголемо инсистирање во изнаоѓањето на личен јазик и тоа, секако, го наслутил во „Цвеќе во саксија“ и наполно го остварил во пејсажот „Снег со четинар“, со кој, ослободен од стегите на прецизниот цртеж, во една сензибилно изнијансирана, уденфана, сива, колористичка оркестрација; ослободен од описност и подреденост на сензацијата, отвора нови, навистина неслутено плодни перспективи на своето творештво.

Од изложените експонати на Атанас Мучев како да пробејува извесна повеќего дишна апстиненција во однос на сликарството, на кое укажува недоволната умешност во однесувањето како со изразниот материјал, така и со ликовната материја. Сепак експонатот „Мртва природа II“, па и, донекаде „Портретот на Н. Н.“ посочува дека авторот поседува сликарски нерв и дека со поголема заангажираност би можел да даде многу повеќе од она што го изложува.

Акварелите на Љупчо Донски, градени со постојаност и дисциплинирано, сеуште се наоѓаат во домените на ученишто и описност. Тој, често пати, повлечен од објектот што го слика, западга во минуциозност и непотребно детализирање.

Д. К.

НОВА МАКЕДОНИЈА

3 ФЕВРУАРИ 1958 4 СТРАНА

# СЕЌАВАЊА ЗА АТАНАС МУЧЕВ

*Кочо Урдин, писател*

*Ликовниот педагог и сликар Атанас Мучев, живееше во горниот и стар дел на Струмица, над црквата, под самите Цареви кули, кој изобилуваше со прекрасни куќи, на старата македонска архитектура. Животот во Струмица беше ист како оној во цела Македонија погодена од Балканските и Првата и Втората светска војна. И покрај тоа, во секојдневниот живот, можно живееја традициите на националното битие, со сиот свој раскош на обичаи, фолклор, морал, религиозни обреди, чаршиски шарм, почитување на старите, презир кон криминалците, восхит кон племенитите и добри луѓе, уважение кон постарите и сѐ она што го чинеше богатството на секојдневието. Во тој жив пејсаж на маки, радост, болови и веселби, сиромаштија и богатство на погорната граѓанска класа, се оформуваше Мучев, како човек со редок дар за перцепција и нејзина трансформација во ликовните дела што тогаш ги реализираше: сокаците, улиците, пејзажите на градот, околината бујата со прекрасни предели и др. По завршувањето на школувањето, тој беше првиот учител по ликовно образование во градот, почитуван како граѓанин и како педагог, а пред се како благороден човек, кој умееше да дружи не само со старите комшии и пријатели низ чаршијата, туку најмногу со младите и учениците во кој ја всадуваше со нему својствената племенитост и умеење, љубовта кон сликањето и ликовната уметност. Под неговата долгогодишна педагошка работа, се оформуваа ликовно естетски многу генерации на најмладите струмичани, од кои еден дел подоцна станаа признати сликари.*

*Посебна активност покажуваше, во Струмица да се одржи барем некоја ликовна манифестација, со која ќе се разбуди ликовниот интерес на провинцијалецот и обичниот работен човек, а особено во младината, во која веруваше безмерно и ја сакаше со тиха, но интензивна љубов. Се сеќавам дека и мене ме заинтересира да направиме обид да го поканиме и ликовниот уметник Илиќ, по потекло од Струмица кој живееше во Белград, за да отвори ликовна изложба во градот. Оваа иницијатива со подршка од тогашната власт, беше реализирана на голема радост на сите струмичани. Изложбата беше отворена во кафеаната на Крсто, веднаш до старата пошта, онаму каде е сега стоковната куќа, наспроти гимназијата, бидејќи тоа е централно место во градот и низ него тече и познатото струмичко корзо, изложбата предизвика голем интерес кај младите луѓе и пообразованиот свет, меѓутоа во салонот влегуваа и работници и многу љубопитни луѓе, од кои дел беа и неписмени и му изразуваа почит на авторот. Додека траеше изложбата, се сеќавам дека Илиќ беше гост во нашата куќа, заедно со неговата сопруга, како и Мучев.*

*Краток опис: тоа беше многу симпатичен човек, со малку кадрава коса, синоок, постојано елегантно облечен, мислам дека пушеше, зборуваше одмерено, но сугестивно, често се насмевнуваше, беше дружељубив, ги сакаше младите, кон старите се однесуваше со почит, како граѓанин уживаше голема почит од своите сограѓани а особено од комшиите. Есенцијално: Атанас Мучев беше народен интелектуалец, сензибилен, чувствителен и надарен и како сликар, и како педагог.*

Стојан Пачоов, академски сликар

Преку четири децении ги чувам спомените на мојот прв учител по цртање во Струмица. Тој ми ги откри првите тајни за уметноста и ги потхрануваше моите сликарски клици. Под негово влијание, се упатив на Ликовната Академија во Белград и се определив за овој уметнички леб.

Се сеќавам како ученик, негде пред матурата, се организираше изложба во „Граматиковото кафеане". Имаше многу работи (за изложба), а Мучев ги издвои моите цртежи на еден ѕид и тоа беше всушност, прва изложба „на младиот уметник Стојан Пачоов".

Во кабинетот за цртање, во гимназијата „Јане Сандански" (во Струмица), каде за прв пат осетив арома на ателјерски миље, мојот учител тие денови црташе по репродукција „Магдалена меѓу карпите". Тој имаше повеќе репродукции на стари италијански мајстори, кои му служеа како пример. А омилен негов сликар беше Леонардо Да Винчи. Неговиот сликарски кредо беше „СИТНИЦАТА ГО СТВАРА СОВРШЕНСТВОТО". Тоа исто мото, беше запишано на спомнатата изложба во „Граматиковото кафеане".

На часовите по цртање Мучев имаше обичај да се пошегува со некој од нас. Ќе прашаше: „Дали живееш за да јадеш или јадеш за да живееш"? што создаваше посебно расположение.

Се сеќавам, по повод заедничката изложба во Скопје под наслов „Три генерации" (Бакиќ, Мучев, Донски) во „Нова Македонија" меѓу другото ми го прочита пасусот за него, во кој се вели: „... А. Мучев уметник со (посебен) сликарски нерв..."

Мислам дека за Мучев беше врвно мајсторство (и најтешко) сликањето на тенот (инкарнатот) кај актот и портретот т.е. кожата на лицето и рацете каде што се чувствува самиот крвоток...

За него деталог имаше големо значење. Се сеќавам кога го работеше портретот на Тито (по нарачка), посебно се трудеше да го истакне жарот на цигарата и чадот.

Меѓу сликарите од неговата генерација, ги издвојуваше Белогаски и Коџоман (како извонредни акварелисти) и Б. Лазески. Во кабинетот за цртање, во време кога сликавме, мојот учител знаеше и да си запее, онака за себе. А најчесто тоа беше песната:

Врти коло, врти коло
к'мто мене
А баќа ќе, а баќа ќе
К'мто тебе...

Во смисол на композицијата даваше упатства: ако некој предмет или објект е непотребен, слободно да се исфрлува, и обратно – ако нешто не постои во стварноста (бандера, дрво, топола и сл.), тогаш да се додаде, (во корист на рамнотежата).

Атанас Мучев беше и остана едноставен и искрен, хуманист со еден продуховен, филозофски однос према животот и уметноста. Тој се однесуваше кон нас како родител, беше добар човек и педагог.

Под негово влијание е и мојата љубов кон уметноста (сликарството), определувајќи се за ликовната Академија, иако имав желба да студирам архитектура.

**ДРЖАВНА УМЕТНИЧКА ШКОЛА**

Г. Атанасије Мучевић

рођен у Иловици 10-V-1914 г.

редован је ученик

Држ. Уметн. Школе у Београду.

Важи за школску 1935/1936 г.

У Београду, 27-IX-1935

Директор,

**ДРЖАВНА УМЕТНИЧКА ШКОЛА**

Г. Атанасије Мучевић,

рођен у Иловици, 10-V-1917 г.

редован је ученик

Држ. Уметн. Школе у Београду.

Важи за школску 1936/1937 г.

У Београду, 30-IX-1936 год

Директор,



## *ИЗВАДОЦИ ОД РЕЦЕНЗИИ*

*.... Денес за наша голема радост, дочекавме времиња што ни овозможуваат да ги откриваме ваквите случаи, благодарение на истражувачи-ентузиасти, каков што е ликовниот критичар – магистер Владимир Величковски. Тој со упорно залагање и преку она малку што останало како податок, ни открива подзаборавени вредности, со што се пополнува и оформува нашиот културен мозаик. Ваквите откривања се драгоцени за нашето себесознавање, па во таа смисла монографијата што В. Величковски ја подготви за А. Мучев е наполно оправдана и се надевам дека односот на градот Струмица кон својот прв школуван уметник, ќе биде пример и на другите градови.*

*Борко Лазески, академски сликар*

*... Во струмичката ликовна историја, постои празен простор од времето на последните зографи па до средината на дваесеттиот век. Токму тие празни страници од нашата понова историја, се основната причина за издавањето на монографијата за Атанас Мучев.*

*ДЛУС, со ангажирањето на еминентниот творец и ликовен критичар м-р Владимир Величковски, го направи првиот потег.*

*Трудот на овој автор, со целосна ангажираност на неговиот соработник Живко Велковски во целост успеа да го расветли животниот и творечкиот пат на Атанас Мучев.*

*Од времето на заборавот авторот успеал да извлече, сé што можеше во моментот.*

*Монографијата иако по обем мала со сериозниот пристап на авторот, успева во контекст на времето во кое живее и твори сликарот Атанас Мучев, да го одреди неговото право место во историјата на нашиот град, но и пошироко да ја дефинира пионерската улога на авторот во развојот на македонската современа уметност. Монографијата е значаен труд за поновата ликовна историја на македонскиот народ, но и почеток на исполнување на празните страници од нашата култура.*

*Глигор Беќаров, сликар керамичар*

## РЕПРОДУКЦИИ ВО БОЈА



ЖЕНСКИ АКТ СО ОВОШЈЕ
масло на платно 76 x 49,5 см



*ПОРТРЕТ НА ЖЕНА 1938*
*акварел 40 x 27 см.*



*ПОРТРЕТ НА СТАРЕЦ СО КАПА 1938*
*акварел 40 x 28 см.*



*МРТВА ПРИРОДА 1958*
*акварел 34,5 x 50 см.*

## РЕПРОДУКЦИИ ВО ЦРНО – БЕЛО



*ПОРТРЕТ НА ЖЕНА СО ЦРНА ШАМИЈА*
*акварел 40.5 x 27.5 см*



*ПОРТРЕТ НА МАЖ СО ШАЛ 1938*
*акварел 40 x 28 см*



*ПОРТРЕТ*
*акварел 40 x 28 см.*



*ПОРТРЕТ НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ*
*масло на лесонит 70 x 48,5 см.*





*ПОРТРЕТ НА ТИТО 1952*
*масло на платно 50 x 39,5*

*ПОРТРЕТ НА ЈАНЕ САНДАНСКИ 1958*
*масло на лесонит 76,5 x 63,2 см.*





*ПОРТРЕТ НА СПИРО ЦИЦИМОВ (недовршен)*
*масло на лесонит 47 x 33 см.*

*ПОРТРЕТ НА ЖЕНА*
*масло на лесонит 34 x 29 см.*







*ХОРТЕНЗИИ ВО САКСИЈА 1958*
*масло на лесонит 62,5 x 46 см.*

*ЦВЕЌЕ*
*масло на платно 50 x 37 см.*

*МРТВА ПРИРОДА*
*масло на платно 43,5 x 34 см.*



*ВАЗНА СО ЈАБОЛКИ 1938*
*акварел*







МРТВА ПРИРОДА 1957
акварел 19,5 x 28 см.

МРТВА ПРИРОДА 1955
акварел 23 x 33 см.

МРТВА ПРИРОДА 1957
акварел 25 x 34 см.



*Цвеќе 1942*
*Акварел*







*МРТВА ПРИРОДА (ОВОШЈЕ ВО ЧИНИЈА)*
*акварел 28,5 x 39 см.*

*МРТВА ПРИРОДА*
*акварел 19 x 28 см*

*МРТВА ПРИРОДА 1957*
*акварел 25,5 x 35,5 см*





*МРТВА ПРИРОДА 1942*
*акварел*

*МРТВА ПРИРОДА 1954*
*акварел 29 x 40 см.*







*ПОРТРЕТ НА ЖЕНА 1939*
***молив на хартија 40 x 38 см***

*ПОРТРЕТ НА МАЛИОТ ЃОРГИ МУЧЕВ 1947*
***молив на хартија 38 x 28,7 см***







ПОРТРЕТ НА АФРОДИТА БУЈУКЛИЕВА 1948
молив на хартија 30 x 20 см.

ПОРТРЕТ НА ДЕВОЈКА 1941
молив на хартија 38 x 29,8 см.

ПОРТРЕТ НА ЖЕНА 1959
молив на хартија 28 x 20 см.







*ЦРКВАТА СВ. СПАС ВО ШТИП*
*акварел 24 x 32 см.*

*ФЕТИЈАТА ВО ШТИП 1942*
*молив на хартија 25 x 36 см*

*ПЕРИФЕРИЈА (СААТОТ ВО ШТИП) 1942*
*молив на хартија 22 x 31 см.*

## КАТАЛОГ

### АКВАРЕЛИ НА ХАРТИЈА

1. ПОРТРЕТ НА ЖЕНА, 1938, 40x27 см., сиг. д. десно А. Мучев 1938
2. ПОРТРЕТ НА МАЖ СО ШАЛ, 1938, 40x28 см., сиг. д. десно А. Мучев 1938
3. ПОРТРЕТ НА МАЖ СО ШАЛ, 1938, 40x28 см., без сигнатура
4. ПОРТРЕТ НА СТАРЕЦ СО КАПА, 1938, 40x28 см., сиг. д. десно А. Мучевиќ 1938 г.
5. ПОРТРЕТ НА ЖЕНА СО ЦРНА ШАМИЈА, 40,5x27,5 см., сиг. д. десно А. Мучевиќ
5. ПОРТРЕТ 40x28 см., сиг. д. десно А. Мучевиќ
6. МРТВА ПРИРОДА, 1938, 40,5x27,5 см., сиг. д. десно А. Мучев 1938 Београд соп. семејство Донски Штип
7. МРТВА ПРИРОДА, 1954, 29x40,5 см., сиг. д. десно А. Мучев 1954
8. МРТВА ПРИРОДА, 1955, 23x33 см., сиг. д. десно А. Мучев 1955
9. МРТВА ПРИРОДА, 1957, 32x44 см., сиг. д. десно А. Мучев 1957 Струмица, г. лево А. Мучев 1957
10. МРТВА ПРИРОДА, 1957, 25,5x35,5 см., сиг. д. десно А. Мучев 1957
11. МРТВА ПРИРОДА, 1957, 19,5x28 см., сиг. д. десно А. Мучев 1957 Струмица
12. МРТВА ПРИРОДА, 1958, 34,5x50 см., сиг. д. десно А. Мучев 1958
13. МРТВА ПРИРОДА (овошје во чинија) 28,5x39 см., без сигнатура
14. МРТВА ПРИРОДА, 19x28 см., сиг. д. десно А. Мучев 19. Струмица
15. МРТВА ПРИРОДА, соп. Уметничка галерија Струмица
16. ЦРКВАТА СВЕТИ СПАС во Штип, 24x32 см., без сигнатура

### МАСЛА

17. ЖЕНСКИ АКТ СО ОВОШЈЕ, масло на платно, 76x49,5 см., без сигнатура
18. АВТОПОРТРЕТ, масло на картон, 33,5x24,5 см., сиг. д. десно А. Мучевиќ 1938
19. ПОРТРЕТ НА ЈОСИП БРОЗ ТИТО, 1952, масло на платно, 50x39,5 см.
20. ПОРТРЕТ НА ЈОСИП БРОЗ ТИТО, 1957, масло на лесонит, 87x68 см.
21. ПОРТРЕТ НА ЈАНЕ САНДАНСКИ, 1958, масло на лесонит 76,5x63,5 см., соп. гимназија „Јане Сандански", Струмица
22. ЦВЕЌЕ ХОРТЕНЗИИ, 1958, масло на лесонит, 62,5x46 см., соп. гимназија „Јане Сандански", Струмица
23. ПОРТРЕТ НА СПИРО ЦИЦИМОВ (недовршен), масло на лесонит 47x33,4 см., без сигнатура, соп. Александар Цицимов
24. ПОРТРЕТ НА ЖЕНА, масло на лесонит, 34x29 см., без сигнатура
25. ПОРТРЕТ НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, масло на лесонит, 70x48,5 см., без сигнатура
26. ЦВЕЌЕ, масло на платно 50x37 см., без сигнатура
27. МРТВА ПРИРОДА, масло на платно 43,5x34 см., без сигнатура
28. СТРУМИЦА масло на лесонит, 85,5x181 см., без сигнатура (недовршена)

### ЦРТЕЖИ СО МОЛИВ НА ХАРТИЈА

29. АВТОПОРТРЕТ, 42x31,5 см.
30. ПОРТРЕТ НА ЖЕНА 1939, 40x38 см., сиг. д. десно А. Мучевиќ 1939 Штип
31. ПОРТРЕТ НА ДЕВОЈКА 1941, 38x29 см., сиг. д. десно А. Мучев 1941 Штип
32. ФИТИЈАТА ВО ШТИП 1942, 25x36 см., сиг. д. десно А. Мучев 1942 Штип
33. ПЕРИФЕРИЈА (саатот во Штип), 1942, 22x31 см., сиг. д. десно А. Мучев 1942 Штип
34. ПОРТРЕТ НА МАЛИОТ ЃОРЃИ МУЧЕВ 1947, 38x28 см., сиг. д. десно А. Мучев 1947 Струмица
35. ПОРТРЕТ НА АФРОДИТА БУЈУКЛИЕВА 1948, 30x20 см., д. десно А. Мучев 1948 Струмица, соп. семејство Ристови
36. ПОРТРЕТ НА ЖЕНА, 1959, 28x20 см.
37. ПОРТРЕТ НА ДЕТЕ, скица 41x3 см.
38. ПОРТРЕТ НА ДЕТЕ, 40,3x29 см.
39. ПОРТРЕТ НА МОМЧЕ, 41x29 см.
40. РУШЕВИНА, 22x31 см.
41. ЖЕНА КОЈА СЕДИ, скица, 28x20 см.

### КОПИИ

42. МОТИВ ОД СТРУМИЦА, 1926, 24x37 см., сиг. д. л. по Љуб. Ивановиќ 1926 год. (д. Сред. Мотив од Струмица. д. десно. А. Мучев 1959 год.), соп. Д-р Ристо Јанев
43. МАГДАЛЕНА МЕЃУ КАРПИТЕ, 1952, масло на лесонит 64x144 см., сигнатура д. десно А. Мучев 1952 г. Струмица
44. БАХАНАЛИИ, 1952, масло на лесонит 63,5x134 см., сиг. д. десно А. Мучев 1952 Струмица
45. КОМПОЗИЦИЈА, 1962, масло на лесонит, 75,5x171 сиг. д. десно А. Мучев 1962 г.

Ако покрај делото не е назначена сопственоста тоа се наоѓа во семејствата на Ѓорѓи, Митко и Томе Мучеви во Струмица.

Автор на монографијата: м-р Владимир Величковски

Биографски и каталошки податоци: Живко Велковски историчар на уметноста

Ликовно-графичко обликување: Марјан Пецев-Захов, графичар

Рецензенти:

1. Борко Лазески, академски сликар
2. Глигор Беќаров, сликар керамичар

Лектура: Ристо Бекаров-професор по книжевност

издавач: ДЛУС-Одбор за одбележување животот и делото на академскиот сликар Атанас Мучев – Струмица

1. Претседател: Глигор Беќаров, – сликар, керамичар
2. заменик претседател: Ѓорги Мучев, архитект
3. Член: Марјан Пецев-Захов, графичар
4. Член: Александар Цицимов, архитект
5. Член: Живко Велковски, историчар на уметноста
6. Член: Костадин Устапетров,, архитект
7. Член: Кире Козаров, политиколог

Соработници на одборот:

1. Митко Мучев, електроинженер
2. Томе Мучев, електроничар
3. Никола Пефќев, инженер-агроном

Печатница НИП „Нова Македонија" Скопје, 1993 година
Тираж 500 примероци

Монографијата се издава по повод – ретроспективно – монографската изложба на Атанас Мучев во Домот на културата салон БМ – Струмица.

ДЛУС – Одборот за одбележување животот и делото на академскиот сликар Атанас Мучев, им изразува благодарност на сите поединци, при реализацијата на монографијата и изложбата.

На корицата: Автопортрет